ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16) Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се известуваат сите правни и физички лица на територијата на Општина Битола дека Градоначалникот на Општина Битола донесе Одлука за распишување на:

## ЈАВЕН ПОВИК
## за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови

Сите заинтересирани правни и физички лица во текот на Јавниот повик може да достават Иницијатива за изработка и донесување на Урбанистички планови од чл. 7 ст. (1) точка 2 алинеи 2,3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16)

- Иницијативите може да се доставaт во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, или во писмена форма преку архивата на Општина Битола.
- Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план или урбанистичко планска документација.
- За доставените иницијативи подносителите ќе бидат известени преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.
- Средствата за изготвување на потребната документација за прифатените иницијативи треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите.
- Јавниот повик ќе трае 32 дена односно во периодот од 28.03.2016 год. до 28.04.2016 год.

08-494
25.03.2016 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Д-р. Владимир Талески**